**УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ**
**Хлорамфеникол Алкалоид®/Chloramphenicol Alkaloid® 10 mg/g маст за очи**
***chloramphenicol***

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или кај фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако забележите некое несакано дејство, потребно е да го известите Вашиот доктор или фармацевтот. Ова важи и за сите можни несакани дејства коишто не се наведени во ова упатство.

**Упатството содржи:**


1. Што претставува Хлорамфеникол Алкалоид и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Хлорамфеникол Алкалоид
3. Како да се употребува Хлорамфеникол Алкалоид
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува Хлорамфеникол Алкалоид
6. Содржина на пакувањето и други информации


## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ХЛОРАМФЕНИКОЛ АЛКАЛОИД И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Хлорамфеникол Алкалоид спаѓа во групата лекови познати како антибиотици. Дејствува на тој начин што го спречува развојот на бактериите, овозможувајќи му на организмот сам да се избори со инфекцијата.

Хлорамфеникол Алкалоид се употребува за лекување инфекција на очите или на очните капаци предизвикана од бактерии (бактериски конјунктивитис).
Симптоми на инфекција на окото се болно, црвено и воспалено око, леплив секрет или красти на очните капаци.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ ХЛОРАМФЕНИКОЛ АЛКАЛОИД

**Немојте да употребувате Хлорамфеникол Алкалоид ако:**

- сте алергични (преосетливи) на хлорамфеникол или на некоја друга состојка на лекот. Симптоми на алергиската реакција се исип, оток или проблеми со дишењето, оток на усните, лицето, грлото и на јазикот, влошување на црвенилото, чешање или оток на окото или на очниот капак.
- имате проблеми со крвната слика, вклучувајќи апластична анемија.

Не го употребувајте овој лек доколку нешто од горенаведеното се однесува на Вас.

Доколку не сте сигурни, обратете се кај Вашиот доктор или кај фармацевт пред да го употребите лекот Хлорамфеникол Алкалоид.

**Предупредувања и мерки на претпазливост**

Ве молиме известете го Вашиот доктор ако:

- имате проблеми со видот;
- имате јаки болки во внатрешноста на окото;
- очите Ви се осетливи на светлина;
- имате воспаление на окото и исип на лицето или на темето;
- Ви е замаглен видот;
- зеницата на окото Ви изгледа невообичаено;
- имате чувство на присуство на туѓо тело во окото;
- неодамна сте имале коњунктивитис;
- имате глауком;
- Вашето око создава помалку солзи (синдром на суво око);
- сте имале операција на очите или ласерски третман, во последните 6 месеци;
- имате повреда на окото;
- користите некои други капки за очи или некоја друга маст за очи;
- носите контактни леќи. Не се препорачува користење на контактните леќи најмалку 24 часа по прекинот на терапијата со овој лек.

Лекот Хлорамфеникол Алкалоид маст за очи не треба да се употребува подолго од 5 дена.

Доколку по 2 дена од употребата на лекот, или во кое било време, настане влошување на симптомите, пациентот треба да побара совет од доктор.

Треба да се избегнува пролонгираната употреба на хлорамфеникол, бидејќи тоа може да ја зголеми опасноста од појава на осетливост и од развој на резистентни микроорганизми.

**Други лекови и Хлорамфеникол Алкалоид**

Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевтот ако употребувате или ако неодамна сте употребувале други лекови, вклучувајќи и лекови што се земаат без рецепт.

Известете го Вашиот доктор ако употребувате:

- лекови за терапија на рак;
- лекови за имунолошкиот систем, како што е азатиоприн;
- лекови што предизвикуваат депресија на коскената срцевина.

**Бременост и доење**

Посоветувајте се со Вашиот доктор ако сте бремена, ако планирате да забремените или ако доите.

Не е утврдено дали е безбедно да се употребува маста за очи хлорамфеникол во текот на бременоста и на доењето.

Пред да го употребите овој лек, известете го Вашиот доктор ако сте бремена, ако мислите дека сте бремена или ако планирате да забремените.

Немојте да доите ако ја користите маста за очи Хлорамфеникол Алкалоид, бидејќи мало количество хлорамфеникол се излачува во мајчиното млеко.

**Возење и ракување со машини**

Можна е појава на замаглен вид по нанесување на лекот. Доколку имате замаглен вид,

немојте да возите и да ракувате со машини, сè додека видот не Ви се избистри.

**Важни информации за некои од состојките од лекот**
Хлорамфеникол Алкалоид содржи ланолин којшто може да предизвика локални кожни реакции, на пр. контактен дерматитис.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ХЛОРАМФЕНИКОЛ АЛКАЛОИД

Секогаш употребувајте ја маста за очи Хлорамфеникол Алкалоид точно онака како што Ви препишал докторот. Ако не сте сигурни како треба да го употребувате лекот, консултирајте се со својот доктор или со фармацевт.

Не го употребувајте лекот подолго од 5 дена, без претходна консултација со Вашиот доктор.

**Начин на употреба на лекот**

- Измијте ги рацете.
- Отстранете го капачето од тубата.
- Наведнете ја главата наназад.
- Истиснете околу 1 cm маст во долниот капак, без допирање на окото.
- Затворете го окото.
- Вишокот маст избришете го со чисто марамче.

**Колку време треба да се употребува маста**
*Возрасни, постари пациенти и деца над 2-годишна возраст*

- Нанесувајте ја маста директно во окото, трипати или четирипати дневно.
- Доколку не настапи подобрување на симптомите во текот на 2 дена, обратете се кај Вашиот доктор или кај фармацевт.
- Употребувајте ја маста 5 дена, дури и ако Ви се подобрат симптомите.

За да се избегне можно загадување, врвот на тубата не треба да се допира до никаква површина и по секоја употреба тубата треба добро да се затвори.

**Ако сте заборавиле да ја нанесете маста Хлорамфеникол Алкалоид**
Во случај да пропуштите доза, надоместете ја што е можно побргу. Ако наближува времето за наредната доза, почекајте до терминот и продолжете со вообичаеното дозирање.

**Ако нагло престанете да ја употребувате маста Хлорамфеникол Алкалоид**
Употребувајте ја маста 5 дена, дури и ако дојде до подобрување на симптомите. Немојте да ја прекинувате употребата на лекот, дури и ако се чувствувате подобро. Ако ја прекинете терапијата, инфекција може да се повтори.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите лекови и маста за очи Хлорамфеникол Алкалоид може да предизвика несакани дејства, коишто не се појавуваат кај сите пациенти.

**Престанете да ја употребувате маста Хлорамфеникол Алкалоид и консултирајте се со својот доктор ако:**
- Ви се појават какви било проблеми со кожата, како што се исип или чешање околу очите, или ако Ви се зголеми црвенилото;
- Ви се појавуваат модринки полесно од вообичаено или ако Ви се појавува инфекција полесно или почесто од вообичаено. Исто така може да се чувствувате уморно или малаксано.

Сериозни несакани дејства:

- алергиска реакција што може да се манифестира со отежнато дишење (губење на здивот), треска, отекување на лицето, усните или на јазикот, чешање или исип со појава на оток на кожата (исипот може да биде во вид на испупчени површини (оток), да биде точкест или во вид на мали меури). Во ваков случај терапијата мора веднаш да се прекине.
- депресија на коскената срцевина (состојба при којашто коскената срцевина не е во можност да создава крвни зрнца );
- намалено создавање или изумирање на црвените крвни зрнца (анемија).

Известете го Вашиот доктор ако некој од наведените несакани дејства станува сериозно или ако трае подолго од неколку денови.
Болка или печење во очите се појавува бргу по нанесувањето на маста.

Ако некое несакано дејство станува сериозно или ако забележите несакано дејство што не е наведено во ова упатство, Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевтот.

**<u>Пријавување на несаканите дејства</u>**
Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул. „Св. Кирил и Методиј", бр. 54, кат 1) или електронски преку веб-страницата на Агенцијата – http://malmed.gov.mk/.

## 5. КАКО ДА СЕ ЧУВА ХЛОРАМФЕНИКОЛ АЛКАЛОИД

Лекот треба да се чува надвор од дофат на деца!
Лекот треба да се чува на температура под 25 °C.
По првото отворање, маста за очи Хлорамфеникол Алкалоид може да се употребува 28 дена, а потоа треба да се исфрли. Не употребувајте маст за очи Хлорамфеникол Алкалоид по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. СОДРЖИНА НА ПАКУВАЊЕТО И ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Хлорамфеникол Алкалоид**
- Активна супстанција: хлорамфеникол.
1 g маст содржи 10 mg хлорамфеникол.
- Помошни супстанции: ланолин, безводен; рицинусово масло, пречистено и бел парафин.

**Како изгледа Хлорамфеникол Алкалоид и содржина на пакувањето**
Провидна скоро бела до бледожолтеникава хомогена маст.
5 g маст е спакувана во алуминиумска туба со капаче на навртување.
Кутијата содржи 1 туба со 5 g маст и упатство за корисникот.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава во аптека само на рецепт (Р).

**Број и датум на решението за промет**
11-3027/2 од 22.07.2016

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
АЛКАЛОИД АД Скопје
бул. Александар Македонски 12
1 000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.: +389 2 31 04 000
факс: +389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

**Датум на последната ревизија на упатството**
Април 2020 г.